**Известување за концентрација со која Фолксваген Акциенгезелшафт, Волфсбург, Германија преку друштвото КАРИАД СЕ Волфсбург, Германија ќе стекне контрола над Хексад ГмбХ., Ланген, Германија**
**(предмет бр. 08-36/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 15.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Фолксваген Акциенгезелшафт** (Volkswagen Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на адреса Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија, („**ФВАГ**“), индиректно преку друштвото **КАРИАД СЕ** (CARIAD SE), со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија има намера да стекне контрола над одредени средства на друштвото **Хексад ГмбХ** (Hexad GmbH), со регистрирано седиште на Монцаштрасе 2-4, 63225 Ланген, Германија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Фолксваген Акциенгезелшафт** (ФВАГ) е друштво кое котира на берза, со седиште во Волфсбуг (Германија) и владејачко друштво на Фолксваген Групацијата („**Фолксваген групација**“).

Директниот стекнувач, **КАРИАД**, е зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген Акциегезелшафт и се занимава со интерно разбирање на софтверски решенија и апликации за Фолксваген групацијата. КАРИАД е лоциран на: Берлинер 2, 38440 Волфсбург, Германија.

**Фолксваген групацијата** е активна на светско ниво со развој, производство, маркетинг и продажба на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси (*coaches*), шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, вклучувајќи резервни делови и дополнителна опрема. Фолксваген групацијата исто така се занимава со дистрибуција на возила. Фолксваген групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген Песинџер Карс (Volkswagen Passenger Cars), Фолксваген Лајт Комршал (Volkswagen Light Commercial), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). Фолксваген групацијата, исто така нуди услуги на мобилност, како што се возила на повик (*ride hailing*) и споделување на возила (*car sharing*).

Дополнително, **ФВ групацијата** обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување поврзани со дистрибуција и финансирање на своите автомобили и комерцијални возила, но ги покрива и редовните банкарски и други активности на осигурување. Оваа дејност се

спроведува главно преку Фолксваген Фајненшл Србисис АГ (Volkswagen Financial Services AG; „ФСАГ“) и неговите зависни друштва. ФСАГ нуди индивидуални мобилни услуги како што се финансирање, лизинг, осигурување и услуги за набавка на осигурување во врска со автомобили и комерцијални возила. Конечно, преку зависното друштво на ФСАГ, Фолксваген Банк ГмбХ (Volkswagen Bank GmbH), ФВ групацијата дава директни банкарски услуги.

**Фолксваген групацијата** е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва: Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со седиште на адреса Бул, Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје, Порше Брокер АД Скопе, со седиште на адреса Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје, Сканиа Македонија ДООЕЛ Илинден, со седиште на адреса ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје и Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје. Деловните активности на овие друштва во Северна Македонија претежно се трговијата со моторни возила и финансискиот лизинг.

Целниот бизнис во суштина се состои само од 76 софтверски инженери – и некои помошни средства (15 Епл ајМек (анг. *Apple iMac*) и 61 Епл МекБук Про (анг. *Apple MacBook Pro*)). Овие софтверски инженери, во суштина, обезбедуваат услуги за програмирање и развој на персонализиран софтвер (или индивидуален софтвер) за КАРИАД.

Целниот бизнис не е активен во Северна Македонија

Според подносителот релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како пазарен сегмент за обезбедување на *IT пазарен сегмент за обезбедување на IT услуги за (договорно) програмирање/развој на (персонализиран или индивидуален) . софтвер.*

Подносителот смета дека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира намалку на европско ниво. Сепак, подносителот доставува оцена на конкуренцијата на национално ниво, односно за територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**09.03.2023 година**
**Скопје**